ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

02-1718
27.02.2026

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ**

# СТАТУТ
# НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

***Февруари, 2026 година***

*Булевар Гоце Делчев бр. 14, 1000 Скопје*
*+389 2 3212488; +389 2 3212489;*
*факс +389 2 3212578;*
*електронска адреса: info@poc.mk*
*www.poc.mk*

ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавите претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024 и 193/2025) Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје на 49-та (четириесет и деветтата) седница одржана на ден 27.02.2026 година донесе:

# СТАТУТ
# НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
# ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување,како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на јавното претпријаите.

### Член 2

Општина Центар е основач и сопственик на јавното претпријатие и ги има сите права и обврски кои според Законот и другите прописи ги има како основач на јавното претпријатие.

### Член 3

Јавното претпријатие е основано со Одлука на Советот на Општината Центар Скопје број 07-2625/4 од 18.12.2006 година и е запишано во Централниот регистар на Република Македонија под ЕМБС 6204201 од 13.03.2007 година.

### Член 4

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје(во понатамошниот текст: јавното претпријатие) е основано заради вршење на комунална дејност, како дејност од јавен интерес на подрачјето на Општина Центар.

### Член 5

Јавното претпријатие има својство на правно лице.
Во правниот промет и во односите со трети лица истапува во свое име и за своја сметка во рамките на дејноста која е запишана во надлежниот регистар.
За обврските кон трети лица превземени во свое име и за своја сметка јавното претпријатие одговара со целиот свој имот.

### Член 6

Во работењето на јавното претпријатие, службен јазик е македонскиот јазик со неговото кирилично писмо.

### Член 7

*Булевар Гоце Делчев бр. 14, 1000 Скопје*
*+389 2 3212488; +389 2 3212489;*
*факс +389 2 3212578;*
*електронска адреса: info@poc.mk*
*www.poc.mk*

Во извршување на дејноста од јавен интерес, јавното претпријатие својата работа и дејствување ја заснова на следните принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

**Член 8**

При вработувањето во јавното претпријатие ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

## II. ФИРМА И СЕДИШТЕ

**Член 9**

Фирмата на јавното претпријатие гласи:
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар Скопје.
Скратениот назив на фирмата гласи:
ЈП Паркинзи на Општина Центар Скопје.

**Член 10**

Седиштето на јавното претпријатие е во Скопје, на булевар „Гоце Делчев“ бр. 14, Скопје - Центар.

**Член 11**

За промена на фирмата и седиштето на јавното претпријатие одлучува Управниот одбор по претходно добиена согласност на Основачот.

## III. ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

**Член 12**

За потребите на своето работење јавното претпријатие има печат и штембил.
Печатот има форма на круг со пречник 30 мм и на него на македонски јазик, со кирилично писмо е испишан полниот назив на јавното претпријатие.




Штембилот е во правоаголна форма со димензии во должина 56 мм и ширина 20 мм во кој хоризонтално на македонски јазик со кирилично писмо впишан е називот на јавното претпријатие а помеѓу називот и местото на седиштето оставен е празен простор за впишување на бројот на актотот и датумот на неговото издавање:

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. ____________
____________ 20 ___ год.
СКОПЈЕ

**Член 13**

Печатот и штембилот содржат реден број под кој се издадени.
Бројот, начинот на употреба на печатот и штембилот, чување и уништување го одредува директорот на јавното претпријатие согласно Закон.
За употреба и чување на печатот и штембилот на јавното претпријатие, одговорно е секое лице кое ќе го овласти директорот на јавното претпријатие.

**Член 14**

Јавното претпријатие има свој знак на кој со зелени букви е впишан акронимот „ПОЦ", така што десниот крак од буквата П и левиот крак од буквата Ц, ја формираат буквата О, којашто визуелно претставува кружен тек, а левиот крак на буквата П и десниот крак на буквата Ц претставуваат хоризонтално обележани паркинг места.
Графичкиот приказ на знакот на јавното претпријатие е следниот:

Јавното претпријатие го користи својот знак во целокупната деловна надворешна и интерна комуникација.

## IV. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Член 15**

Во рамките на своите овластувања, јавното претпријатие го застапува и претставува Директорот на јавното претпријатие.
Директорот е овластен во името на јавното претпријатие да склучува договори и да превзема други правни работи.

**Член 16**

Директорот на јавното претпријатие може со писмено овластување да овласти друг вработен кој во негово отсуство или спреченост ќе го заменува и ќе го води тековното работење на јавното претпријатие.

Содржината и обемот на овластувањето од став 1 од овој член го определува директорот на јавното претпријатие.

## V. ДЕЈНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 17**

Јавното претпријатие е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на комуналните дејности и сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за Општина Центар.

**Член 18**

Приоритетна дејност на јавното претпријатие е:

<u>Класа</u> **52.21.** <u>Поткласа</u> **52.210 Услужни дејности поврзани со копнениот транспорт**

- активности поврзани со патен, железнички и друг копнен транспорт на патници, животни или товар:
- работа на патишта, мостови и тунели, вклучувајќи активности за зимско одржување
- работа на автомобилски паркиралишта или гаражи, паркиралишта за велосипеди, зимско складирање камп-приколки

Покрај остварувањето на својата приоритетна дејност, јавното претпријатие ги врши и следните дејности:

<u>Класа</u> **43.50.** <u>Поткласа</u> **43.500. Специјализирани градежни работи во нискоградба**

- Специјализирани градежни дејности што се заеднички за различни видови објекти од нискоградба, а кои бараат посебна вештина и опрема:
- Поставување заштитни огради, сообраќајни знаци и сл.
- Поставување улична опрема
- Бојодисување на патиштата и останато обележување на улиците

<u>Класа</u> **42.99** <u>Поткласа</u> **42.990 Изградба на други објекти од нискоградба, н.д.м**

- Изградба на други капацитети, освен изградба на згради

<u>Класа</u> **71.11** <u>Поткласа</u> **71.110 Архитектонски дејности**

- Архитектонско-консултантски дејности:
- Урбанистичко и просторно планирање и уредување на животната средина

<u>Класа</u> **71.12** <u>Поткласа</u> **71.120 Инженерски дејности и поврзано техничко советување**

- Техничко проектирање (примена на законите на физиката и принципите на инженерството во дизајнирањето машини, материјали, инструменти, структури, процеси и системи) и советодавни дејности за:
- Проекти од областа на градежништвото, хидротехниката и сообраќајното инженерство
- Активности за управување со проекти поврзани со инженерството

<u>Класа</u> **81.23** <u>Поткласа</u> **81.230 Останати дејности на чистење**

- Чистење улици и отстранување снег и мраз
- Други активности за чистење н.д.м.

<u>Класа</u> **38.11** <u>Поткласа</u> **38.110 Собирање на безопасен отпад**

- Собирање цврст безопасен отпад (т.е. смет) во рамките на локално подрачје, на пр. од домаќинствата и деловните субјекти, со средства како што се канти за смет, канти за смет на тркала и контејнери, кои може да содржат мешани материјали што може да се обновуваат

- Собирање материјали што може да се рециклираат (одвоени или не)
- Собирање безопасен отпад од животинско или од растително потекло
- Собирање отпад на јавни места
- Собирање отпад од дворови
- Собирање градежен отпад и отпад од уривање
- Собирање и отстранување отпадоци
- Дејности на објектите за отстранување безопасен отпад

Јавното претпријатие ги врши и следните активности:
- Одржување на јавниот простор за паркирање,
- Планирање и уредување на просторот на јавните паркиралишта,
- Изградба,реконструкција и заштита на локалните патишта,придружни и услужни објекти лоцирани на јавните паркиралишта,
- Одржување на постоечката комунална урбана опрема за потребите на Општина Центар,
- Креирање и поставување на пропаганда на отворен простор,
- Дистрибуција или испорака на пропаганден материјал или примероци,
- Огласување преку медиуми, односно продажба на времето и просторот за различни видови на медиумско огласување,
- Издавање(изнајмување) и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп.

Јавното претпријатие ги врши и следните дејности согласно член 15 став 1 точка 4 алинеа 8 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ„ број 55/04 и број 158/11) :
- отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини

**Член 19**

Јавното претпријатие дејноста од јавен интерес, заради која е основано, ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со Законот,овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.

**Член 20**

Јавното претпријатие не може да врши промена на дејноста без претходно добиена согласност на основачот.

## VI. ПРИНЦИПИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ОДНОСИ

**Член 21**

Јавното претпријатие е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финанските односи во своето материјално- финансиско работење, согласно Закон, овој Статут и меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

**Член 22**

Финансиските односи меѓу Општина Центар, како основач и јавното претпријатие, согласно принципите на транспарентност во финансиското работење ќе бидат такви со што јасно ќе бидат

прикажани:
а) средствата коишто се директно достапни на Општина Центар за јавното претпријатие ,
б) средствата коишто се индиректно достапни од Општина Центар на јавното претпријатие и
в) начинот и намената за кои средствата од точките а) и б) на овој став се ставаат на користење.

**Член 23**

Транспарентност во финансиските односи ќе се применува, особено во следниве случаи:
а) порамнување на загубите од работењето;
б) обезбедувањето на капиталот;
в) неповратна помош или заеми под поповолни услови и
г) компензирање на финансиското оптоварување воведено од страна на државните органи.

**Член 24**

Јавното претпријатие во овие услови ќе биде должно да води детална евиденција во следниве случаи:
1) ако покрај дејноста од јавен интерес врши и други дејности;
2) ако има ексклузивни права во вршењето на дејноста од јавен интерес и
3) добива државна помош во која било форма вклучувајќи помош, поддршка или компензација во врска со вршењето на дејностите од јавен интерес.

Преку деталната евиденција од ставот 2 на овој член треба јасно да се прикажат:
а) приходите и расходите коишто настанале од различните дејности и
б) целосни податоци за методот со кој приходите и расходите се назначени или алоцирани на различните дејности.

**Член 25**

Јавното претпријатие, согласно принципите на транспарентност во финасиските односи има обврска да доставува тримесечни извештаи до Општина Центар кои ќе содржат показатели за финансиското работење.
Финансиските извештаи треба да бидат презентирани согласно меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

## VII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 26**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува:

1) Законитост , стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите
2) Техничко-технолошко и економско единство на системот;
3) Ефикасност и транспарентност во работењето;
4) Усогласеност на развојот на јавното претпријатие со развојот на Општина Центар и севкупниот економски развој;
5) Заштита и унапредување на добрата од јавен интерес;
6) Уредно, трајно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите на јавното претпријатие и
7) Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите

системи во земјата и светот.

**Член 27**

Јавното претпријатие, во вршење на дејност од јавен интерес, се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефикасност и ефективност во процесот на работење.

Дејноста на јавното претпријатие се организира во рамки на организациони единици, согласно законските прописи и според претходно утврден Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места, а работата се организира според однапред утврдена Програма и план за работа.

**Член 28**

Организационата структура на Јавното претпријатие е определена на сектори и самостојни одделенија претходно утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар – Скопје и Правилникот за внатрешна оргназиација, делокруг и начин на извршување на задачите во јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар - Скопје

**Член 29**

Организационите единици на јавното претпријатие претставуваат и дејствуваат како единствена целина во рамките на јавното претпријатие и немаат својство на правни лица.

Организационите единици од член 28 на овој Статут преставуваат макро целини и се основни делови на процесот на работењето, со што се обезбедува целисходно и синхронизирано извршување на сите работни задачи во претпријатието.

Во рамките на организационите единици од член 28 во зависност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа се организираат посебни микро организациски единици во форма на одделенија.

**Член 30**

Со основните и посебните организациони едниници раководат раководни службеници со посебни овластувања и одговорности, согласно закон.

Како независни и надвор од органзиационите единници утврдени со овој статут, со актот за систематизација на јавното претпријатие, за поддршка на работата на директорот може да се утврдат и други работни места како самостојни извршители.

**Член 31**

Внатрешната организација на јавното претпријатие подетално се уредува со акт за внатрешна организација кој на предлог на директорот го донесува Управниот одбор.

Согласност на актот за внатрешна организација дава Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 32**

Основањето на нови организациони единици, спојување, укинување или поделба на постојните, како и утврдувањето односно укинувањето на работните места како самостојни извршители се врши со донесување на актот за внатрешна организација, односно негова измена и/или дополнување на ист начин на кој што истиот е донесен.

**Член 33**

Јавното претпријатие може да основа подружници.

Подружниците на јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.
Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.
Подружниците од став 1 на овој член претставуваат деловни единици на јавното претпријатие преку кои непосредно се извршува основната дејност на јавното претпријатие. Бројот на подружниците, нивниот назив, седиште како и дејноста која ќе ја вршат се определува со посебна одлука која ја донесува Управниот одбор на јавното претпријатие, по претходно добиена согласност од основачот.

## VIII. ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 34**

Органи на јавното претпријатие се:
- Управниот одбор;
- Директорот и
- Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско работење.

## VIII.1 УПРАВЕН ОДБОР

**Член 35**

Орган на управување на јавното претпријатие е Управниот одбор.
Бројот и составот на Управниот одбор го утврдува основачот.
Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена.
Членовите на управниот одбор ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие, на начин утврден со закон.
За претседател и член на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени со закон.
Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.
За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината, Советот на општината, објавува јавен повик на својата вебстраница и на веб-страницата на јавното претпријатие. за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор.
Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие во одредени случаи утврдени со закон и во случај кога претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие работи спротивно на интересите на јавното претпријатие.

Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку управниот одбор не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие.
Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор

*Булевар Гоце Делчев бр. 14, 1000 Скопје*
*+389 2 3212488; +389 2 3212489;*
*факс +389 2 3212578;*
*електронска адреса: info@poc.mk*
*www.poc.mk*

кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување на предлог на градоначалникот на општината.

**Член 36**

Член на управниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие.

Секој член на управниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

**Член 37**

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

Претседателот на Управниот одбор го претставува Управниот одбор, ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор, предлага дневен ред за седниците на Управниот одбор, се грижи за организација на работата и извршување на актите на Управниот одбор и врши и други работи утврдени со закон, овој статут и деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 38**

Управниот одбор на јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот.

Управниот одбор на јавното претпријатие ги има следните овластувања:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Го усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење,
5. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие
6. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
7. Ги донесува одлуките за инвестиции;
8. Ги утврдува цените на производите и услугите;
9. Одлучува, односно дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места;
10. Поднесува барање до Основачот за висината на паричниот надоместок на Претседателот и членовите на Управниот одбор и Претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење;
11. Донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
12. Донесува општи акти;
13. Донесува акти поврзани со дејноста на јавното претпријатие;
14. Одлучува за економски, организациони и технолошки промени во јавното претпријатие;
15. По потреба формира постојани и повремени работни тела;
16. Усвојува извештај за попис на основните средства;
17. Одлучува за наградување на Директорот;

18. Одлучува за службени патувања на Директорот на јавното претпријатие во странство;
19. Се грижи за информирање на работниците;
20. Склучува колективни договори;
21. Разгледува сугестии и забелешки на синдикатот во остварување на правата на работниците, нивната материјална положба и условите за работа утврдени со колективниот договор на јавното претпријатие и другите акти;
22. Донесува мерки за заштита и унапредување на животната средина;
23. Одлучува по жалби и приговори;
24.Утврдува начин на утврдување на основната плата и додатоците на плата на вработените во претпријатието;
25. Врши и други работи утврдени со закон, одлуките на Основачот, овој Статут и општите акти на јавното претпријатие.

На актите од член 38 став 2 алинеи 1,2,5,6,7,8 и 13 согласност дава основачот.

**Член 39**

Основачот, по предлог на министерот надлежен за работите од соодветната дејност може да му даде на управниот одбор на јавното претпријатие насоки од општ карактер во поглед на вршењето на одделни работи од делокругот на управниот одбор утврдени во членот 38 од овој Статут, а кои основачот смета дека се од негов интерес.
Насоките од општ карактер од ставот 1 на овој член не можат да се однесуваат на секојдневното управување со јавното претпријатие.

**Член 40**

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови.
Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.
Секој член на Управниот одбор има право на еден глас.
Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.
Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

**Член 41**

Јавното претпријатие не може на претседателот или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.
Преземенат обврска спротивно на став 1 од овој член е ништовна и без правно дејство.

## VIII2 ДИРЕКТОР

**Член 42**

Орган на раководење на јавното претпријатие е Директорот.
Директорот на јавното претпријатие го избира, односно разрешува Градоначалникот на Општина

Центар, врз основа на јавен оглас.
Мандатот на директорот трае 4(четири) години, со право на повторен избор.

**Член 43**

За директор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

**Член 44**

Директорот во рамките на своите права и должности:
1. Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
2. Учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој;
3. Учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие,
4. Врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие
5. Донесува акти и дава налози и упатства за извршување на работите од неговиот делокруг,
6. Го застапува и претставува јавното претпријатие, склучува договори и превзема други правни работи во согласност со Закон
7. Донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места согласно закон;
8. Ги избира и разрешува раководните работници во јавното претпријатие согласно закон;
9. Одлучува за награди и казни на вработените по доставени предлози;
10. Донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места согласно закон;
11. Предлага донесување на акти од делокругот на Управниот одбор;
12. Ги донесува актите кои не се во надлежност на Управниот одбор, а се однесуваат на работењето на јавното претпријатие;
13. Донесува Годишна програма за стручно усовршување и обука на вработените во јавното претпријатие;
14. Подготвува годишен план за вработување во претпријатието согласно закон;
15. Поднесува извештаи до Управниот одбор и основачот, за резултатите од работењето на јавното претпријатие по периодична и годишната сметка на претпријатието;
16. Го прати и анализира извршувањето на плановите и договорните обврски и презема мерки за нивно остварување;
17. Превзема мерки за подобрување на организацијата на работата и зголемувањето на ефикасноста и продуктивноста;
18. Донесува Одлука за работното време на работниците и одмор во текот на работата;
19. Го организира информирањето на работниците;

20. Се грижи за остварување на обврските на јавното претпријатие од областа на безбедноста и здравјето при работа, согласно законот;
21. Одлучува за службени патувања на работниците во јавното претпријатие;
22. Донесува Правила за работен ред и дисциплина;
23. Донесува одлука за потребата за засновање работен однос, избор, унапредување, распоредување и престанок на работниот однос во согласност со закон;
24. Обезбедува мерки за заштита на работниците и животната средина;
25. Донесува упатства, наредби и други акти за извршување на работите од неговиот делокруг;
26. Формира комисии и работни тела;
27. Изрекува дисциплински мерки и донесува одлуки за надомест на материјална штета;
28. Донесува решенија за престанок на работен однос и суспендирање и
29. Врши и други работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со Закон, овој Статут и други акти на јавното претпријатие.

**Член 45**

Директорот за својата работа одговара пред Градоначалникот на Општина Центар.
Директорот склучува договор со Градоначалникот на Општина Центар за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.
Директорот во извршувањето на одлуките одговара неограничено.
Одговорноста на директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва, кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 46**

Директорот на јавното претпријатие може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во следниве случаи:

- на негово барање;
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон;
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие;
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие
- ако секои шест месеци не доставува извештаи за работа на претпријатието,
- ако и по истек на рокот од шест месеци не ги отстрани недостатоците утврдени во извештаите за работа или во тој рок повторно има недостатоци или загуби во финансиското работење и
- други случаи утврдени со Закон.

**Член 47**

До именување на нов Директор, Градоначалникот именува вршител на должност Директор на јавното претпријатие.

## VIII.3 НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО

**РАБОТЕЊЕ**

**Член 48**

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) се формира за вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие.

Надзорниот одбор на јавното претпријатие се состои од 3 (три) члена.

Членовите на надзорниот одбор ги именува основачот со акт за именување.

За претседател и член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени со закон.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

За избор на членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината, Советот на општината, објавува јавен повик на својата вебстраница и на веб-страницата на јавното претпријатие. за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорен одбор.

Членовите на надзорниот одбор ги разрешува основачот во одредени случаи утврдени со закон и во случај кога претседателот или членот на надзорниот одбор на јавното претпријатие работи спротивно на интересите на јавното претпријатие.

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Надзорниот одбор тој продолжува да ги врши функциите до именување на нов Надзорен одбор.

**Член 49**

Член на надозрниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во јавното претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во неговата работа и одлучување.

Секој член на надзорниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на надзорниот одбор.

**Член 50**

Надзорниот одбор избира претседател од редот на своите членови.

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува и раководи со седниците на Надзорниот одбор, се грижи за извршување на актите на Надзорниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

**Член 51**

Заради вршење на работите на контрола надзорниот одбор може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие.

**Член 52**

Надзорниот одбор може полноважно да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членовите.

Одлуките на Надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од

вкупниот број на членови.
Секој член на Надзорниот одбор има еден глас.
Работата и начинот на одлучување на Надзорниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Надзорниот одбор.
Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**Член 53**

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор.
Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.

**Член 54**

Директорот, членовите на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор, ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## IX. РАКОВОДНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 55**

Раководни службеници се службениците со посебни овластувања и одговорности.
Раководните службеници се избираат и разрешуваат во согласност со закон.

**Член 56**

Раководните службеници ја водат и организираат работата во рамките на добиените овластувања и ги спроведуваат налозите, упатствата и наредбите на директорот на претпријатието.
Раководните службеници се одговорни за резултатите и законитоста на работењето на организационата единица.
Условите за избор, овластувањата и одговорностите на раководните службеници, како и описот на работните обврски се утврдуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на претпријатието.

## X. ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

**Член 57**

За успешно функционирање и подобрување на работата на јавното претпријатие, како и за остварување на одредени права, обврски и одговорности на вработените во јавното претпријатие се формираат помошни органи и работни тела.

Во јавното претпријатие по потреба може да се формираат постојани и повремени помошни органи и работни тела.
Помошните органи и работните тела ги формира Управниот одбор и Директорот на јавното претпријатие, секој во доменот на своите надлежности и овластувања.
Надлежноста, начинот на работа и други прашања во врска со помошни органи и работни тела се уредуваат со Одлуката за нивното формирање.

## XI. ОПШТИ АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 58

Општи акти на јавното претпријатие се:
- Статут;
- Правилник за внатрешна организација;
- Правилник за систематизација на работни места;
- Правилник за работните односи во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје
- Правилник за работно време, паузи и одмори и отсуства од работа во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје
- Правилник за начин и постапка за водење на евиденција за присуство на работно место во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје
- Правилник за спроведување на постапка за вработување на даватели на јавни услуги, и за начин на спроведување на постапката за интерен оглас за унапредување и прераспоредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје
- Правилник за парични награди и казни за вработените во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје
- Правилник за начинот и постапката на оценување, содржината на извештаите и образецот за оценување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје
- Правилник за безбедност при работа за вработените во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар – Скопје и
- Други акти во согласност со закон.

Статутот е највисок акт на јавното претпријатие.
Сите други акти на јавното претпријатие мораат да бидат во согласност со законските прописи и одредбите од овој Статут.

### Член 59

Во јавното претпријатие Директорот и Управниот одбор согласно своите овластувања и надлежности може да донесат и други општи акти во согласност со законските прописи и одредбите од овој Статут.

## XII. РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 60**

**XII.1 Имот и средства на јавното претпријатие**

Имотот на јавното претпријатие го сочинуваат сите објекти средства, пари и права со кои располага јавното претпријатие.

Јавното претпријатие работи со број на жиро сметки колку што му се потребни за остварување на својата работа

Средствата за работа на јавното претпријатие се обезбедуваат од:

- приходи кои ги остварува јавното претпријатие
- буџетот на Општина Центар
- кредитни средства
- донации, проекти и
- други извори на средства во согласност со Закон, одлуките на Советот на Општина Центар и другите акти на Општина Центар како основач на јавното претпријатие.

**Член 61**

Јавното претпријатие, согласно принципите на транспарентост во финасиските односи има обврска да доставува тримесечни извештаи до Општина Центар кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

Финансиските извештаи треба да бидат презентирани согласно меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

**Член 62**

**XII.2 Програма за работа и развој**

За обезбедување на трајно и континуирано вршење на дејноста, подигање на нивото на квалитетот на услугите и зголемување на успешноста во работењето, Управниот одбор на предлог на директорот на јавното претпријатие донесува Проглрама за работа и развој.

Советот на Општина Центар дава согласност на Програмата за работа и развој.

За реализација на Програмата за работа и развој одговорен е директорот.

## XIII. ЈАВНОСТ

**Член 63**

Јавното претпријатие го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услуги, како битна претпоставка за својата функција во комуналната дејност во Општина Центар. Актите кои се од значење за корисниците на услугите на јавното претпријатие се објавуваат во Службен гласник на Општина Центар.

Јавното претпријатие е должно за својата работа, работење и развојни програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг соодветен начин.

**Член 64**

Јавното претпријатие е должно редовно, навремено, целосно и вистинито да ги информира

ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

вработените во јавното претпријатие за сите прашања кои се важни за работата и развојот на јавното претпријатие, како и за остварувањето на нивните права. Вработените во јавното претпријатие се информираат преку огласна табла и други форми на информирање.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 65**

Општите акти утврдени со овој Статут ќе се усогласат и донесат во рок од 6(шест) месеци од донесување на Статутот.

До усогласувањето ќе се применуваат постоечките акти ако не се во спротивност со овој Статут.

**Член 66**

Овој Статут го донесува, изменува и дополнува Управниот одбор на јавното претпријатие.

**Член 67**

Овој Статут стапува на сила со денот на неговото усвојување од страна на Управниот одбор на ЈП Паркинзи на Општина Центар – Скопје и по добиена согласност од Советот на Општина Центар, по што престануваат да важат одредбите од Статутот на ЈП Паркинзи на Општина Центар – Скопје бр.02-17/19 од 03.03.2022 година (објавен во Службен гласник на Општина Центар бр.05/22).

27.02.2026 година, Скопје

ЈП за јавни паркиралишта
Паркинзи на Општина Центар
Управен одбор
Претседавач

Зоран Никодинов

*Булевар Гоце Делчев бр. 14, 1000 Скопје*
*+389 2 3212488; +389 2 3212489;*
*факс +389 2 3212578;*
*електронска адреса: info@poc.mk*
*www.poc.mk*